# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 5 февруари 1964
Скопје
Број 3 Год. XX

Претплата за 1964 год. изнесува 2.200 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.


**9.**

На основа чл. 59 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 13/56) во врска со чл. 30 од Законот за органите на управата во НРМ („Службен весник на НРМ“ бр. 14/53) и чл. 1 ст. 2 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ОСНОВАЊЕ ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗГРАДИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

Член 1

За вршење работи во врска со изградбата и одржувањето на репрезентативните, работните, станбените и угостителските објекти за потребите на Собранието на СРМ. Извршниот совет и републичките органи се основа Дирекција за згради на Извршниот совет како орган на управа со посебна сметка (во натамошниот текст: Дирекција).

Член 2

Дирекцијата има својство на правно лице.

Член 3

Дирекцијата врши работи во врска со изградбата и одржувањето на објектите од член 1 на оваа уредба чии инвеститори се републичките органи односно во чија изградба тие учествуваат, а со кои се обезбедува редовно користење на овие објекти.

Член 4

Со работата на Дирекцијата раководи директор.

Директорот го назначува и разрешува Извршниот совет.

Член 5

Директорот ја застапува и претставува Дирекцијата, донесува решенија за работните односи на службениците и работниците на Дирекцијата и врши други работи определени со оваа уредба и правилниците и другите општи прописи на Дирекцијата.

Решенијата за заснованието и престанокот на работните односи и за личните доходи на раководните службеници во Дирекцијата Директорот ги донесува во согласност со Републичкиот секретар за буџет и организација на управата.

Член 6

Директорот на Дирекцијата во согласност со Републичкиот секретар за буџет и организација на управата донесува Правилник за организацијата и работата на Дирекцијата, Правилник за наградувањето на работниците и службениците и ценовник за услугите што ги врши Дирекцијата.

Член 7

Средствата за работа на Дирекцијата се остваруваат од надоместоците за одредени услуги што таа ги врши и од средствата на републичкиот буџет.

Надоместоците од услугите и средствата од републичкиот буџет Дирекцијата ги користи преку посебна сметка кај банката. Овие приходи служат за наградување на работниците и службениците, за набавка нова и одржување на постојната опрема, како и за покривање други материјални расходи на Дирекцијата.

Средствата од посебната сметка се користат на основа претсметката на Дирекцијата што ја донесува директорот во согласност со Републичкиот секретар за буџет и организација на управата.

Директорот на Дирекцијата е наредбодател за извршување на претсметката на Дирекцијата.

Член 8

Надзор над работата на Дирекцијата врши Републичкиот секретаријат за буџет и организација на управата.

Член 9

Дирекцијата ги презема работите на Одделението за згради при Извршниот совет на СРМ.

Дирекцијата ги презема работниците и службениците на Одделението за згради на Извршниот совет и на соодветната служба на Републичкиот секретаријат за финансии.

Член 10

Дирекцијата ќе ракува со недвижниот имот со кој досега ракуваше Извршниот совет.

Член 11

Се овластува Републичкиот секретар за буџет и организација на управата по потреба да донесува поблиски прописи за применување на оваа уредба.

Член 12

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-83/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

**10.**

На основа член 17 став 3 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во одборите на Извршниот совет се разрешуваат и именуваат:

**1. Во Одборот за внатрешна политика се именуваат:**

а) за претседател:

Боро Чаушев, член на Извршниот совет;

б) за член:

Кочо Битољану, републички секретар за внатрешни работи.

**2. Во Одборот за стопанство:**

а) се разрешуваат членовите:

— инж. Кочо Китановски, потпретседател на Градско собрание — Скопје;

— Ангеле Божиновски, претседател на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од индустријата и рударството;

б) се именуваат за членови:

— Инж. Тиберие Киријас, републички секретар за градежништво и комунални прашања;

— Ванчо Николовски, потпретседател на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија и

— Ѓорѓи Русковски, републички секретар за сообраќај и врски.

**3. Во Одборот за општествен план:**

а) се разрешува членот:

Ванчо Николовски, потпретседател на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

б) се именува за член:

Ангеле Божиновски, претседател на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од индустријата и рударството.

**4. Во Одборот за просвета и култура:**

а) се разрешува членот:

Крсте Чаловски, помошник на секретарот на Собранието на СРМ;

б) се именуваат за членови:

Димитар Мирчев, секретар на ЦК на Сојузот на младината на Македонија;

Томе Момировски, републички секретар за култура.

**5. Во Одборот за народно здравје и социјална политика:**

а) се разрешува членот:

Инж. Тиберие Киријас, републички секретар за градежништво и комунални прашања;

б) се именуваат за членови:

Мара Минанова, секретар на Главниот одбор на Црвениот крст на Македонија;

Д-р Миле Хаџи Василев, доцент на Правниот факултет во Скопје

**6. Во Одборот за народна одбрана се именува за член:**

Кочо Битољану, републички секретар за внатрешни работи.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-244/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**11.**

На основа член 21 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. За претседател на Комисијата за помилување на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Боро Чаушев, член на Извршниот совет.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-248/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р.

---

**12.**

На основа член 21 став 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛИКУВАЊЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се разрешува членот на Комисијата за одликување на Извршниот совет Нико Тодоровски, секретар на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија.

II. За член на Комисијата за одликување на Извршниот совет се именува Арсо Милошевски, претседател на Организационо-кадровската комисија на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-249/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков,** с. р

**13.**

На основа член 22 од Законот за радиофузните станици („Службен лист на ФНРЈ" бр. 52/55), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА — СКОПЈЕ

I. Се разрешуваат членовите на Советот на Радио-телевизија Скопје:

— Васил Гривчев, член на Извршниот совет

— Матеја Матевски, писател и

— Цвета Чаловска, самостоен советник во Сојузниот секретаријат за просвета и култура.

II. За членови на Советот на Радио-телевизија Скопје се именуваат:

— Урош Андреевски, помошник на републичкиот секретар за труд;

— д-р Милан Ѓурчинов, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје и

— Миле Недков, асистент на Правниот факултет во Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-242/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков**, с. р.

---

**14.**

На основа член 9 од Уредбата за основање Завод за техничка помош во Скопје („Службен весник на СРМ" бр. 43/63), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ЗАВОДОТ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ — СКОПЈЕ

I. Советот на Заводот за техничка помош во Скопје се состои од 9 члена.

II. За членови на Советот на Заводот за техничка помош се именуваат:

— Јордан Атанасов, советник во Стопанската комора на СРМ;

— инж. Ванде Вандевски, заменик директор на Автопретпријатието „11 октомври" во Скопје;

— Бранко Василевски, претседател на Меѓународното одделение на Универзитетскиот одбор на Сојузот на студентите на Македонија,

— Спасе Куљан, секретар на Советот за научна работа на СРМ;

— Александар Спасов, потпретседател на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од општествените дејности;

— Тодор Стојановиќ, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје;

— Фана Тозија, началник на Управата за персонални работи на Извршниот совет и

— Стојан Ќосев, директор на Републичкиот завод за стопанско планирање.

III. Директорот на Заводот е член на Советот по својот положај.

IV. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-243/1
14 јануари 1964 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Александар Грличков**, с. р.

---

**15.**

На основа член 47 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ" број 26/54) и член 6 и 10 од Законот за заштита на добитокот од заразните болести („Службен весник на НРМ" бр. 9/56), Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство донесува

## НАРЕДБА
### ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1964 ГОДИНА

#### I

По одредбите на оваа наредба околиските и општинските собранија во 1964 година ќе ги организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на следните добиточни заразни болести:

1. Бес
2. Туберкулоза
3. Бруцелоза
4. Антракс
5. Шушкавец
6. Чума кај свињите
7. Црвен ветар кај свињите
8. Краста
9. Чума кај птиците
10. Сакагија
11. Заразна кривотница кај овците
12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата
13. Заразна агалакција кај овците
14. Тифус кај домашните птици и бела дрскавица кај пилињата
15. Белодробна стронгилоза и стомачно цревни паразити кај овците
16. Ехинококоза
17. Пироплазмоза
18. Заразните болести кај пчелите

#### II

**1. Бес**

а) Превентивно инжектирање на кучињата против бесот на целата територија на Републиката ќе се изврши до 15 април 1964 година.

б) На превентивно инжектирање подлежат сите кучиња без оглед на возраст.

в) Кучињата кои се вакцинирани до тримесечна возраст треба задолжително да се ревакцинираат кога ќе наполнат три месеци.

г) Трошоците на превентивната вакцинација против бесот паѓаат на товар на сопствениците.

**2. Туберкулоза**

а) Општа туберкулинизација ќе се изврши на говедата во целата Република и на кокошките во општествените стопанства.

Во општествените стопанства со туберкулинизацијата на говедата треба да се заврши најкасно до 30 јуни 1964 година.

б) Нововнесените говеда во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна два месеци од нивното внесување.

в) Трошоците на туберкулинизацијата паѓаат на товар на сопствениците.

**3. Бруцелоза**

а) Од сите крави, јуници, бикови и јунчиња во Републиката и сите говеда и свињи во општествените стопанства ќе се земе крв за преглед на бруцелоза.

б) Во општествените стопанства од говедата и свињите два пати ќе се земе крв за преглед на бруцелоза и тоа првиот пат најдоцна до 30 јуни 1964 година, а вториот пат шест месеци по првото земање.

в) Од сите нововнесени говеда и свињи во Републиката задолжително ќе се земе крв за преглед на бруцелоза најдоцна 21 ден од нивното внесување.

г) Трошоците на земањето на крвта од претходните ставови паѓаат на товар на сопствениците на добитокот.

**4. Антракс**

а) Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши двократно инжектирање на добитокот против болеста антракс. Околискиот ветеринарен инспектор ќе одреди кои места на подрачјето на околијата се сметаат за антраксни дистрикти.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните 10 години лабораториски не е установен антракс кај добитокот нема да се третираат како дистрикти на антраксот.

б) Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 31 мај 1964 година, а второто, најдоцна 6 месеци по првото.

**5. Шушкавец кај говедата**

Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот ќе се применуваат и при превентивно инжектирање на говедата против шушкавецот, со таа разлика, што во смисла на оваа наредба како дистрикти на шушкавецот ќе се сметаат населбите во кои шушкавецот е установен во последните пет години.

**6. Чума кај свињите**

а) Општо двократно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во земјоделските стопанства и задругите, како и на подрачјето на Кумановска и Скопска околија, на подрачјето на општините Берово, Делчево, Пехчево, Ново Село и во населбите на Битолска околија што ќе ги одреди околискиот ветеринарен инспектор.

б) Задолжително двократно инжектирање ќе се изврши и во сите населби во кои чумата кај свињите е установена во текот на 1963 година.

в) Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 30 април 1964 година, а второто шест месеци по првото.

г) Превентивното инжектирање ќе се врши со атенуирани вируси или со кристал-виолет вакцина.

д) Во случај на појава на чума кај свињите, сите свињи во незаразените дворови ќе се серумираат, серовакцинираат или вакцинираат во зависност од епизоотиолошката положба, а во заразените дворови ќе се примени мерката убивање односно колење и други ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

ѓ) Свињите кои се тераат на заедничко пасиште мораат предварително да бидат активно имунизирани против чумата.

е) Свињите кои се тераат или транспортираат од една околија во друга, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат доколку не се превентивно заштитени.

**7. Црвен ветар кај свињите**

а) Превентивно инжектирање на свињите против црвен ветар ќе се изврши во населбите и земјоделските организации што се загрозени од црвен ветар кај свињите.

б) Надлежниот околиски ветеринарен инспектор ќе ги одреди населбите и земјоделските организации што се сметаат за загрозени со црвен ветар кај свињите.

в) Трошоците на превентивното инжектирање против црвениот ветар кај свињите паѓаат на товар на сопствениците.

**8. Краста**

а) На подрачјата во кои крастата кај овците владеала во текот на 1963 година, најдоцна до крајот на април 1964 година ќе се изврши преглед на овците за краста.

б) Во стадата од претходниот став во кои при прегледот се установи краста треба неодложно, а најдоцна 15 дена по стрижбата да се изврши прво капење на сите овци. Второто капење ќе се изврши 15 дена по првото.

в) Во стадата во кои во текот на годината се установи краста неодложно ќе се преземе лекување на болните животни односно капење на сите овци од заразеното стадо, а ќе се применат и други ветеринарно-санитарни мерки.

г) Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во текот на 1963 година односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша задолжително ќе се искапат најмалку уште еднаш дури се на зимните пасишта.

д) На стадата овци кои подлежат на капење според претходниот став, доколку не бидат искапени, надлежните ветеринарни инспектори не смеат да им издадат уверенија за здравственост.

ѓ) Општинското собрание може да одреди трошоците на капењето на овците делумно или во целост да паднат на товар на сопствениците.

**9. Чума кај птиците**

а) Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со муктезар вакцина на територијата на Републиката ќе се врши два пати годишно. Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 15 мај, а второто шест месеци по првото, а најдоцна до 31 декември 1964 година.

Општинското собрание може да одреди трошоците на пролетното инжектирање делумно или во целост да биде за сметка на сопствениците.

б) Во заразените и загрозените населби од чума кај домашните птици надлежниот орган на општинското собрание може да одреди превентивна вакцинација на домашните птици против чумата.

в) Во случај појава на чума сите кокошки во незаразените и несомнителните на зараза дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените и сомнителните на зараза дворови ќе се примени убивање односно колење и други ветеринарно-санитарни мерки според постојните прописи.

г) Во земјоделските стопанства и задругите што се занимаваат со одгледување на кокошки ќе се изврши задолжително инжектирање и на пилињата против чумата.

**10. Сакагија**

а) Во земјоделските стопанства и задругите задолжително ќе се врши офталмомалеинизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток.

б) Шумските и другите работилишта што работат со еднокопитен добиток должни се да преземат мерки ангажираните коњи да бидат прегледани од сакагија. Негативниот резултат надлежниот ветеринар го забележува на пасошот или на сопственикот на добитокот му издава потврда.

в) Лицата што стално се предвижуваат со еднокопитен добиток од една во друга околија (чергари и др.) должни се тој добиток да го подвргнат на преглед од сакагија најмалку два пати годишно. Негативниот резултат ветеринарната станица ќе го забележи на грбот на пасошот или на сопственикот ќе му издаде потврда.

**11. Заразна кривотница кај овците**

а) Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени од заразна кривотница. На лекување подлежат сите овци во заразеното стадо.

**12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата**

а) Ќе се изврши заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив кај јагнињата во подрачјата каде тие се установени во последните пет години.

б) Околиските ветеринарни инспектори ќе ги одредат населбите и земјоделските организации каде ќе се врши инжектирањето од претходниот став.

**13. Заразна агалакција кај овците**

Во случајот на појава на агалакција кај овците ќе се преземат најригорозни мерки за нејзиното искоренување во заразните дворови и стопанства според постојните прописи.

**14. Тифус кај домашните птици и бела дрскавица кај пилињата**

Во борбата против тифусот кај домашните птици и белата дрскавица кај пилињата ќе се постапува во се според Наредбата за спречување и отстранување на тифусот кај кокошките и белата дрскавица кај пилињата („Службен весник на НРМ“ бр. 23/57).

**15. Белодробна стронгилоза и стомашно цревни паразити кај овците**

Лекувањето на овците против белодробната стронгилоза и стомашно цревните паразити ќе се врши во населбите каде тие ќе се појават. За оваа цел е потребна претходна согласност на околискиот ветеринарен инспектор.

**16. Ехинококоза**

Во борбата против ехинококозата покрај другите ветеринарно-санитарни мерки ќе се врши и двократна дехелментизација на кучињата. Првата дехелментизација ќе се врши од 1-I. до 15-IV-1964 година, а втората, шест месеци по првата, но најдоцна до 15 октомври 1964 година.

**17. Пироплазмоза**

а) Во времето од месец април до месец септември 1964 година ќе се изврши најмалку двократно капење со против-крлежни средства на сите овци и свињи од расата мерино и мерино мелези, односно на сите внесени говеда.

**18. Заразни болести кај пчелите**

Ќе се изврши преглед на сите кошници и сандаци пчели во општествените и задружните стопанства, а според можностите и во индивидуалните стопанства.

**III**

Надлежните органи на околиските и општинските собранија и ветеринарните установи се должни да водат посебна грижа за евентуалната појава на лигавката и шапот, афричката чума кај свињите, афричката чума кај коњите, плеуропнеумонијата кај говедата и другите особено опасни болести, кои не се споменати во точка II од оваа наредба и на најбрз начин да ги известуваат повисоките органи и преземаат ветеринарно-санитарни мерки пропишани со постојните прописи.

**IV**

Установувањето и објавувањето на болестите од точка I и оваа наредба, се врши врз основа на лабораториски налаз на една од признатите ветеринарно-дијагностички институти односно ветеринарно-дијагностички станици во земјата.

**V**

Евиденција за спроведување на мерките одредени во оваа наредба се води по утврдените обрасци.

Во рок од 10 дена од свршувањето на секоја од напред набројаните мерки, ветеринарната станица односно ветеринарните служби на земјоделските стопанства и задругите доставуваат извештај до општинскиот и околискиот ветеринарен инспектор, а во рок од 20 дена од свршувањето на акцијата околискиот ветеринарен инспектор за своето подрачје доставува сумарен извештај до Управата за ветеринарна служба на Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

VI

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-173
17 јануари 1964 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
Инж. Драги Трајановски, с. р.

---

**16.**

На основа член 162 од Законот за здравствената заштита и организација на здравствената служба („Службен весник на НРМ" бр. 17/61), Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР НАД СТРУЧНАТА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ СО ПРЕГЛЕДИ И ЗА ПОСЕБНИТЕ НАГРАДИ НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД

I

**Надзор над стручната работа**

Член 1

Со овој Правилник поблиску се определува начинот на вршење надзор над стручната работа на здравствените установи со преглед (во натамошен текст: преглед над стручната работа) и за посебната награда на стручните лица за вршење на тој преглед.

Член 2

Преглед над стручната работа на одделна здравствена установа, нејзина организациона единица и на здравствените работници, организираат и вршат надлежните здравствени центри и Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика, согласно одредбите од член 154 и 162 од Законот за здравствената заштита и организација на здравствената служба.

Член 3

Преглед над стручната работа на одделна здравствена установа, нејзина организациона единица или одделни здравствени работници определува надлежниот здравствен центар по своја иницијатива или по барање на државен орган.

Здравствениот центар може да определи преглед и по барање на орган на здравственото осигурување, стопански и други заинтересирани организации и установи и граѓани, доколку оцени дека барањето е оправдано и дека прегледот е потребен.

Определувањето на прегледот треба да се изврши најдоцна во рок од 15 дена по приемот на барањето. Ако здравствениот центар смета дека прегледот не е потребен, должен е за тоа да го извести подносителот на барањето со образложение на својот став најдоцна во рок од 15 дена по приемот на барањето за преглед.

Член 4

За определување преглед над стручната работа на одделна здравствена установа, нејзина организациона единица, лекар или друг здравствен работник, надлежниот орган (член 2 од овој Правилник) донесува решение. Со решението се именува стручното лице, односно членовите на стручната комисија што ќе го извршат прегледот и се определува целта и предметот на прегледот.

Член 5

Здравствениот центар, односно Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика ги именува стручните лица за вршење преглед над стручната работа од редовите на своите здравствени работници или од здравствените работници на други установи и органи, кои имаат поголемо искуство во соодветната стручна работа на здравствената установа.

Здравствените работници од други здравствени установи (органи) можат да бидат одредени за вршење преглед по претходно прибавена согласност од установата (органот) во која работат.

Член 6

Преглед над стручната работа се обавува со собирање податоци за стручната работа, со увид на медицинската и другата документација, со испитување и преглед на поедини болни, со испитување начинот на кој им се дава медицинска помош и нега, начин и траење на дијагностичко-клиничките испитувања, оправданост за стационарно лекување и дали истото можело да се замени со домашно лекување, како и испитување на други околности од влијание на стручната работа на установата.

Ако при прегледот се установат санитарни недостатоци, односно причини за интервенција на органите на санитарната инспекција, за истите таа по најкус пат ќе се извести.

Член 7

Во тек на обавување на прегледот стручните лица се должни да го запознаат раководниот персонал на здравствената установа со своите забелешки и да предложат мерки што би требало да се преземат за подобрување на стручната работа на установата.

Стручните лица не можат да издаваат на здравствената установа задолжителни налози. Само во случај на непосредна опасност за животот или здравјето на граѓаните односно персоналот на установата, како и непосредна опасност од поголеми материјални загуби, стручните лица се овластени

писмено да одредат мерки за отстранување на опасностите и за тоа веднаш да го известат органот на управување на установата.

Против налогот на стручното лице односно стручната комисија од претходниот став, здравствената установа во рок од 3 дена по приемот на налогот има право на приговор до органот што го одредил прегледот. Приговорот не го задржува извршувањето на налогот.

Член 8

По обавениот преглед стручното лице, односно стручната комисија, составуваат писмен извештај за установената положба на стручната работа на здравствената установа, организационата единица односно одделни здравствени работници, со мислење и предлози за мерките што би требало да се преземат заради отстранување на установените неправилности и недостатоци, како и за мерките што ги одредиле во тек на обавениот преглед.

Извештајот го потпишува стручното лице односно стручната комисија што го извршила прегледот.

Член 9

Стручното лице, односно стручната комисија го доставува извештајот од претходниот член во пет примероци на органот што го определил прегледот.

Член 10

Органот што го определил прегледот доставува по еден примерок од извештајот на:

а) на надлежното општинско собрание;

б) на надлежниот здравствен центар, односно на Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика, во зависност од тоа кој го определил прегледот;

в) на установата во која е извршен прегледот на стручната работа;

г) на основачот на установата, односно на органот којшто врши права на основач;

д) до надлежниот санитарен инспекторат, ако од извештајот произлегува дека во установата постојат санитарни недостатоци.

Ако прегледот на стручната работа е извршен по барање на установа, организација, органи или граѓани, здравствениот центар го известува подносителот на барањето за резултатот на прегледот и за мерките што, врз основа на извештајот, се предложени.

Член 11

Органот на општинското собрание надлежен за работите на народно здравје врз основа на извештајот за извештајниот период и предлозите на здравствениот центар, ценејќи ги условите и можностите, донесува решение во рамките на својата надлежност, за мерките за отстранување на установените неправилности и недостатоци и рок за извршување на предложените мерки, а за ова го известува здравствениот центар како и основачот на установата.

Член 12

Против решението од претходниот член, здравствената установа може да изјави жалба непосредно до повисокиот орган во рок од 15 дена од приемот на решението.

Член 13

Управникот и управниот одбор на установата во која е извршен прегледот на стручната работа се должни да се грижат установените неправилности и недостатоци во стручната работа да се отстранат во предвидениот рок.

II

**Посебна награда**

Член 14

На стручното лице, односно членовите на стручната комисија за извршениот преглед им припаѓа:

а) посебна награда;

б) надомест на патните и дневните трошоци, ако прегледот го обавуваат вон местото од своето постојано запослување.

Член 15

Трошоците предвидени со претходниот член ги сносат:

а) здравствениот центар кога ќе определи преглед на стручната работа по сопствена иницијатива или по барање на граѓаните;

б) органот односно установата или организацијата ако прегледот на стручната работа е определен по нивно барање.

Ако со прегледот се установи да одговорноста за недостатоците во стручната работа ја сноси здравствената установа, нејзина организациона единица или здравствен работник, трошоците за прегледот можат да се стават на товар на здравствената установа. За ова донесува решение надлежниот орган на општинското собрание.

Член 16

Посебната награда на стручните лица за вршење преглед над стручната работа на здравствените установи, лекарите и други здравствени работници, се определува по час (60 минути) за стварно проведено време на вршење на стручен преглед.

Посебната награда по час изнесува:

— за редовен професор и виши здравствен советник — — — — — 800 дин.

— за вонреден професор и примариус 700 дин.

— за доцент и здравствен советник 600 дин.

— за лекар-специјалиста, стоматолог и фармацеут — — — — — — 500 дин.

Член 17

Пресметка и исплата на посебната награда и евентуалните патни трошоци и дневници на стручните лица за извршениот преглед, без оглед кој ги сноси трошоците за прегледот, врши органот што го одредил прегледот.

Ако прегледот на стручната работа го одредил Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика, трошоците предвидени во член 14 од овој правилник, паѓаат на товар на Секретаријатот.

Пресметка и исплата на трошоците од прегледот се врши врз основа потврдата од здравствената установа за тоа колку време одделно стручно лице употребило за прегледот и врз основа на патната сметка.

По исплатата на трошоците за прегледот, здравствениот центар ги наплатува тие трошоци од органот, установата односно организацијата во случаите кога прегледот е определен по нивно барање односно од здравствената установа во која е извршен прегледот, кога со посебно решение е одредено таа да ги сноси трошоците на прегледот.

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-3380/1
5 декември 1963 година
Скопје

Републички секретаријат
за народно здравје и социјална политика,
Доц. д-р **Никола Георгиевски**, с. р.

**17.**

На основа член 32 став 3 во врска со член 39 од Уредбата за составот и начинот на избор на собранија на заедниците за здравствено осигурување на земјоделците, Управниот одбор на Републичкиот фонд за задолжително здравствено реосигурување на земјоделските производители во Скопје, на својата седница одржана на ден 3-XII-1963 година донесе

## ОДЛУКА
## ЗА БРОЈОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

1. Бројот на членовите на Собранието на Републичката заедница за здравствено осигурување на земјоделците се утврдува вкупно на 35 члена.

2. Собранијата на комуналните заедници за здравствено осигурување на земјоделците, за Собранието на Републичката заедница за здравствено осигурување на земјоделците, ќе изберат членови по клуч на 16.143 земјоделски осигуреници по еден член и тоа:

— Комуналната заедница во Скопје има 55.180 земјоделски осигуреници, избира 3 (три) члена;

— Комуналната заедница во Битола има 45.132 земјоделски осигуреници, избира 3 (три) члена;

— Комуналната заедница во Прилеп има 57.750 земјоделски осигуреници, избира 3 (три) члена;

— Комуналната заедница во Титов Велес има 20.396 земјоделски осигуреници, избира 1 (еден) член;

— Комуналната заедница во Кавадарци има 16.650 земјоделски осигуреници, избира 1 (еден) член;

— Комуналната заедница во Гевгелија има 12.810 земјоделски осигуреници, избира 1 (еден) член;

— Комуналната заедница во Охрид има 25.303 земјоделски осигуреници, избира 2 (два) члена;

— Комуналната заедница во Кичево има 19.529 земјоделски осигуреници, избира 1 (еден) член;

— Комуналната заедница во Струга има 20.100 земјоделски осигуреници, избира 1 (еден) член;

— Комуналната заедница во Гостивар има 78.277 земјоделски осигуреници, избира 5 (пет) члена;

— Комуналната заедница во Куманово има 78.782 земјоделски осигуреници, избира 5 (пет) члена;

— Комуналната заедница во Штип има 44.505 земјоделски осигуреници, избира 3 (три) члена;

— Комуналната заедница во Кочани има 28.943 земјоделски осигуреници, избира 2 (два) члена;

— Комуналната заедница во Струмица има 38.732 земјоделски осигуреници, избира 2 (два) члена и

— Комуналната заедница во Делчево има 23.077 земјоделски осигуреници, избира 2 (два) члена.

3. Мандатот на членовите на Собранието на Републичката заедница избрани на првите избори во комуналните заедници: Скопје, Битола, Титов Велес, Струга, Охрид, Куманово и Кочани, трае две години.

4. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 03-3260/1
3 декември 1963 година
Скопје

Директор,
**Душко Ѓорѓиев**, с. р.

Претседател
на Управниот одбор,
**Наум Пејов**, с. р.

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—17538/1 од 18 ноември 1963 година, ја одобри промената на личното име на Ташовска Стефанија, родена на 20 јануари 1944 година во село Лугинци, Воденска околија, Грција, од татко Васил и мајка Анастасија, така што во иднина личното име ќе ѝ гласи **Ташева Стефанка.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (3)

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—22999 од 13 декември 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Матиќ Мате, роден на 16 јуни 1898 година, во село Долно Косоврасти, Охридска околија, од татко Русе и мајка Велика, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Миновски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (4)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—18672/1 од 5 декември 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Стефановски Ванчо, роден на 12 јуни 1927 година во село Усје, Скопска околија, од татко Миле и мајка Велика. Промената на фамилијарното име се протегнува и на неговите малолетни деца и тоа: Стефановски Димитрие, роден на 13 октомври 1953 година во Скопје и Стефановска Павлина, родена на 18 јуни 1958 година во Скопје, така што во иднина фамилијарното име ќе им гласи **Стојановски** односно **Стојановска.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (6)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—19647/2 од 20 декември 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Спасеноски Тодор, роден на ден 22 јули 1934 година во село Железнец, Битолска околија, од татко Лаќе и мајка Вељанка, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Костовски.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (7)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—21363/1 од 2 декември 1963 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Трајковски Ивче, роден на ден 20 мај 1913 година во село Бусилци, Титовелешка околија, од мајка Ташкова Мара, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Димевски.**

Промената на фамилијарното име се протегнува и на малолетното му дете Десанка, родена на ден 31 декември 1949 година во село Бусилци, Титовелешка околија.

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (8)

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—22840/1 од 24 декември 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Груевски Богоја, роден на 10 јуни 1928 година во село Трап, Битолска околија, од татко Груевски Мице и мајка Груевска Спаса, така што во иднина роденото име ќе му гласи **Милан.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—19551/1—1963 година, ја одобри промената на роденото име на Прочков Коста, роден на ден 13 јуни 1928 година во село Ѓавато, Титовелешка околија, од татко Ристо и мајка Елвана, така што во иднина родното име ќе му гласи **Крум.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—20422/1—1963 година, ја одобри промената на личното име на Танчев Милан, роден на 19 јануари 1934 година во село Богданци, Титовелешка околија, од татко Филот и мајка Елена, така што во иднина личното име ќе му гласи **Цалев Миле.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—16663/1 од 10 септември 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Ацевска Лепосава, родена на 26 ноември 1935 година во Тетово од татко Тодор и мајка Верка, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Савица.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ, со решението бр. 20—21734/1 од 2 декември 1963 година, ја одобри промената на роденото име на Мирческа Вера, родена на ден 15 август 1956 година во Охрид, од родители: татко Методија и мајка Ружица Мирчески, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Ленче.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ". (16)

---

